# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА КОЧАНИ

| БРОЈ 1 | КОЧАНИ | 24 јануари | 2025 ГОДИНА | ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА |
|---|---|---|---|---|

Врз основа на членот 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), Градоначалникот на Општина Кочани, донесе

**З А К Л У Ч О К**

за објавување на актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани одржана на 24.01.2025 година

I.

Ги објавувам актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани, одржана на 24.01.2025 година, и тоа:

1. Одлука за расходување и бришење од понатамошна евиденција на постојани средства и ситен инвентар на Општина Кочани, Бр.09-211/1
2. Одлука за резервирани средства за експропријација согласно Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Кочани за период од 01.01. - 31.12.2025 година, Бр.09-216/1
3. Одлука за верификација на членови на Локален младински совет на Општина Кочани, Бр.09-218/1
4. Одлука за кофинансирање при имплементација на Проект за Реконструкција на дел од ул.Бел камен во Општина Кочани, Бр.09-219/1
5. Одлука за усвојување Збирен извештај – Елаборат за процена на штета од природна непогода: поплава на 25.06.2023 година, што го зафати подрачјето на Општина Кочани, Бр.09-220/1
6. Одлука за усвојување Збирен извештај – Елаборат за процена на штета од природна непогода: град на 23.07.2023 година, што го зафати подрачјето на Општина Кочани, Бр.09-221/1
7. Одлука за проширување на плански опфат во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградени објекти на КП бр. 1356 и КП бр. 1357 КО Пантелеј, КП бр. 4545 КО Полаки, КП бр. 842 и КП бр. 3235 КО Бели и КП бр. 37/2 КО Лешки, кои се изградени надвор од плански опфат, Бр.09-222/1
8. Одлука за утврдување на Детален урбанистички план за градска четврт 17, Општина Кочани, Бр.09-223/1
9. Заклучок за усвојување на плановите за запишување ученици во прва година во општинските средни училишта: „Љупчо Сантов“ и „Гошо Викентиев“ во учебната 2025-2026 година, Бр.09-208/1
10. Заклучок за давање позитивно мислење на Програма за екскурзии, излети и другите вонучилишни активности на учениците на ООУ „Раде Кратовче“ - Кочани за учебната 2024/2025 година, Бр.09-209/1
11. Заклучок за усвојување на Извештајот за извршен попис на Општина Кочани за 2024 година, Бр.09-210/1
12. Заклучок за прифаќање на Информацијата за чистењето на одводните канали и речните корита на подрачјето на општина Кочани во 2024 година, Бр.09-212/1
13. Заклучок за прифаќање на Планот за чистење на каналите и речните корита на подрачјето на општина Кочани за 2025 година, Бр.09-213/1
14. Заклучок за прифаќање на Информацијата за пошумувањето и заштита од ерозија на подрачјето на општина Кочани, Бр.09-214/1
15. Заклучок за усвојување Извештај за реализација на Програмата за изградба и одржување на општинските патишта и улици

во општина Кочани за 2024 година, Бр.09-215/1

16. Заклучок за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Кочани за период IV- квартал 2024 година Бр.09-217/1

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 08-224/1
24.01.2025 година
К о ч а н и

Градоначалник
на Општина Кочани,
Љупчо Папазов

Врз основа на членот 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024) и во согласност со членот 34 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/03, 62/06,8/09,175/011 и 101/2013 ), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 24 .01.2025 година, донесе

О Д Л У К А

за расходување и бришење од понатамошна евиденција на постојани средства и ситен инвентар на Општина Кочани

Член 1

Советот на Општина Кочани врши расходување на постојани средства и ситен инвентар врз основа на предлозите за расходување на постојани средства од Пописната комисија на Општина Кочани за попис на постојаните средства за 2024 година и од Комисијата за вршење попис на ситен инвентар за 2024 година, прифатени од Централната пописна комисија и Градоначалникот на Општина Кочани и тоа:

**Листа за расходување предложена од систем администраторот се однесува за следните основни средства:**

| ШИФРА | НАЗИВ | КОЛИЧИНА | НАБАВНА ВРЕДНОСТ 022 | ВКУПЕНО ОТПИС 029 | СЕГАШНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|---|---|---|
| 06911 | КОНВЕНТОРИ 2,5 КВ | 5 | 35,260 | 35,260 | 0 |
| 06862 | ПЕРСОНАЛЕН КОМПЈУТЕР | 1 | 61,965 | 61,965 | 0 |
| 06864 | ПЕРСОНАЛЕН КОМПЈУТЕР | 1 | 61,050 | 61,050 | 0 |
| 06867 | ПЕРСОНАЛЕН КОМПЈУТЕР | 1 | 61,965 | 61,965 | 0 |
| 06868 | ПЕРСОНАЛЕН КОМПЈУТЕР | 1 | 61,965 | 61,965 | 0 |
| 06872 | ПРИНТЕР ХП ЛАСЕР JET | 1 | 24,028 | 24,028 | 0 |
| 06924 | ПРИНТЕР ХП ЛАСЕР JET П 400 | 1 | 68,833 | 68,833 | 0 |
| 06899 | ПРИНТЕР ХП МФП | 1 | 59,506 | 59,506 | 0 |
| 24055 | ПРИНТЕРИ ХП ЛАСЕР JET ПРО МФП M2277 | 1 | 45,242 | 45,242 | 0 |
| | **ВКУПНО** | | 479,814 | 479,814 | 0 |

Постојните средства се расходуваат поради застареност, дотраеност, неисправност, техничко нефункционирање и неисплатливо одржување и сервисирање или преотстапување на користење на други субјекти.

**Листа за расходување на основни средства предложена од ТППЕ Кочани се однесува за следните основни средства:**

| ШИФРА | НАЗИВ | КОЛИЧИНА | НАБАВНА ВРЕДНОСТ 022 | ВКУПЕНО ОТПИС 029 | СЕГАШНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|---|---|---|
| 02286 | БАТЕРИСКА ГРБНА ПРСКАЛКА 20Л | 4 | 7,792 | 4,129 | 3,663 |
| 0931 | КОМЕТ МЛАЗНИЦА | 1 | 13941 | 13941 | 0 |
| | **ВКУПНО** | | 21,733 | 18,070 | 3,663 |

| ШИФРА | НАЗИВ | КОЛИЧИНА | НАБАВНА ВРЕДНОСТ 022 | ВКУПЕНО ОТПИС 029 | СЕГАШНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|---|---|---|
| | ОДВОДНИ ЦРЕВА Ф 75 ММ | НЕ СЕ СМЕТКОВОДСТВЕНО ЕВИДЕНТИРАНИ | | | |
| | МЛАЗНИЦА ТУРБОМАТИК | СОСТАВЕН ДЕЛ ОД ПП ВОЗИЛО | | | |
| | ЛОПАТИ СИТЕН ИНВЕНТАР | 3 | | 342 ДЕНАРА | |

Постојните средства се расходуваат поради застареност, дотраеност, неисправност, техничко нефункционирање и неисплатливо одржување и сервисирање или преотстапување на користење на други субјекти.

Предлог листата е прифатена од страна на Централната пописна комисија.

Член 2

Постојаните средства и ситниот инвентар се расходуваат поради застареност, дотраеност, неисправност, техничко нефункционирање и неисплатливо одржување и сервисирање или преотстапување на користење на други субјекти.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-211/1
24.01.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев
___________________________

Врз основа на членот 26 алинеја 1 точка 6 од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија” бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16,178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/2021; 111/2023 и 208/2024) и согласно членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 24.01. 2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## за резервирани средства за експропријација согласно Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Кочани за период од 01.01. - 31.12.2025 година

### Член 1

Во Буџетот на Општина Кочани за 2025 година, Програма ЈД и Програма ЈИ ставка-485, потставка-485420, како приоритет за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кочани за 2025 година, се резервираат средства за:

1. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улиците: „Стефка Тасева”; „Скоевска”; крак од ул„1 Мај”; „554” и „555”; дел од ул„Роза Петрова”, дел од ул. „Петар Синадинов” во м.в. Прокарка – Кочани;
2. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улицата „Скопска” во Кочани;
3. Експропријација за реализација на урбанистички план за изградба на улица „Гемиџии” во Кочани;
4. Експропријација за реализација на урбанистички план за изградба на улица „Стево Теодосиевски” во Кочани;
5. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на улицата Станбена улица 10 во Кочани од ГЧ 6;
6. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на пристапна улица Пр-14 во Кочани од ГЧ 6;
7. Експропријација за реализација на урбанистички план за изградба на улици во централното градско подрачје во Кочани;
8. Експропријација за реализација на урбанистички план за изградба на улица „Гемиџии’ во Кочани;
9. Експропријација за реализација на урбанистички план за изградба на крак од улица „Гемиџии“ – пешачка улица (Широка) во Кочани;
10. Експропријација за реализација на урбанистички план за изградба на Пристапна улица 1 од ГЧ9 во Кочани;
11. Експропријација за реализација на урбанистички план за изградба на Пешачка улица 8 од ГЧ9 во Кочани;
12. Експропријација за реализација на урбанистички план за изградба на Станбена улица 9 од ГЧ9 во Кочани;
13. Експропријација за реализација на урбанистички план за изградба на Станбена улица Петровденска од ГЧ6 во Кочани;
14. Експропријација за реализација на урбанистички план за изградба на Пристапна улица Петровденска од ГЧ6 во Кочани;
15. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улицата „Страшо Ербапче” во Кочани;

16. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улицата „Стево Теодосиевски” во Кочани;
17. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улицата „Вера Которка” во Кочани;
18. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улицата „Јане Сандански” во Кочани;
19. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на крак на улицата „Шукри Шаин” во Кочани;
20. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улицата „Ванчо Коцев” во Кочани;
21. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улицата „Смилевски Конгрес”- ул.„553” во Кочани;
22. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улицата „Јордан Зафиров” во Кочани;
23. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улицата „Поп Арсов Блаже” во Кочани;
24. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улицата „Боро Ефремов” во Кочани;
25. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улицата „Малина Поп Иванова” во Кочани;
26. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улицата „Велин Стојанов” во Кочани;
27. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на улицата „Иван Миладинов” (ул.„547”) во Кочани;
28. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на улицата „Карпошово Востание” во Кочани;
29. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на улицата „Станбена улица 6” (од ДУП ГЧ 9) во Кочани;
30. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел од улицата, крак на „Македонска” во Кочани;
31. Експропријација за реализација на Спортско рекреативен центар Црница кај Градски базент;
32. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на дел од улицата „Кресненско востание” во Кочани;
33. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на улицата „Индустриска” во Кочани;
34. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на улицата „107” („Димитрие Лазаров”) во Кочани;
35. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на улицата „Митко Георгиев” дел 1 во Кочани;
36. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на дел од улицата „Никола Парапунов” во Кочани;
37. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на дел од улицата „Мородвишка Епископија” во Кочани;
38. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на Пристапна улица1( Солунски конгрес ) во Кочани;
39. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на Пешачка улица 8 во Кочани;

40. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на Станбена улица 8 (Бел камен) во Кочани;
41. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на улицата „Никола Карев" во Оризари;
42. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на улицата „Кеј на Револуцијата" во Оризари;
43. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на дел од улицата „Ило Андонов" во Оризари;
44. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улицата „Кирил Ѕ'мбов" во с. Оризари и Кочани;
45. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на улицата „Енгелсова" и крак на улицата „Енгелсова" во с. Оризари;
46. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на улицата „Маршал Тито" во с. Оризари;
47. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на улицата „Кристијан Карпош" во с. Оризари;
48. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на дел на улицата „Лазар Стоименов" во с. Оризари;
49. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на дел на улицата „Марко Цепенков" во с. Оризари;
50. Експропријација за реализација на патот с.Оризари – Манастир на Пресвета Богородица;
51. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на улицата „524" во с. Оризари;
52. Експропријација за реализација на локален пат с.Крушка – Ајдар;
53. Експропријација за реализација на локален пат с.Крушка – Полаки;
54. Експропријација за реализација на на урбанистички план заради изградба на ул. „Мите Стојчев" во с.Тркање ;
55. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на улицата „Александар Митев" во с. Тркање;
56. Експропријација за реализација на урбанистички план заради пробивање на дел на улицата „Мите Јорданов" во с.Тркање;
57. Експропријација за реализација на на урбанистички план заради изградба на ул. „Тоде Паунов" во с.Долни Подлог ;
58. Експропријација за реализација на локален пат с.Горни Подлог – с.Долни Подлог;
59. Времена експропријација за фекална и атмосферска канализација во Општина Кочани;
60. Експропријација за реализација на на урбанистички план заради изградба на пешачка улица „П-1" од КП 4094 до КП 4054/1 во с.Грдовци ;
61. Времена експропријација за поставување цевковод од главниот собирен колектор и секундарни колектори и трајна експропријација за изградба и поставување шахти предвидени за колекторот согласно проектот за Главен собирен колектор за град Кочани и село Оризари и дел од колекторскиот систем на град Кочани изработен од Хидро енерго инженеринг ДОО Скопје;
62. Експропријација за втора фаза за дел од источен и западен колектор за отпадни води во населено место Оризари;
63. Примарна и секундарна канализациона мрежа за дел од с.Тркање и колектор за поврзување на Главен колекторски систем за отпадни води за град Кочани;
64. Експропријација за реализација на урбанистички план вон населено место на КП бр.19/1 и КП бр.19/2 КО Тркање, заради изградба на „Пристапен пат до градежни парцели за изградба на фотоволтаични централи КО Тркање –

Општина Кочани од с.Тркање до Лесна индустрија Кочани.

65. Експропријација за реализација на проект за инфраструктура за дел од ул.„Страшо Ербапче“ Делница од крстосница со ул.„Малина Попиванова“ до крстосница со регионален пат кон Пониква КО Кочани и КО Бели;
66. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на кружен тек на ул.„Димитар Влахов” на спој со ул.„Павлина Велјанова“;
67. Експропријација за реализација на урбанистички план заради изградба на тротоар за дел од ул.„Страшо Ербапче“до крстосница со регионален пат кон Пониква;
68. Експропријација за реализација на проект за инфраструктура заради изградба на дел од потисен цевковод од пумпна станица Грдовски орман до изливен базен на пумпна станица од водоводниот систем на град Кочани од km 0 + 000.00 до km 2 + 215.50, Општина Кочани
69. Експропријација за реализација на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за главен колектор за поврзување на Виница и селата Грдовци и Прибачево на ПСОВ Кочани и секундарни колектори за селата Лески, Јакимово и Истибања, Општина Кочани, Општина Виница и Општина Чешиново Облешево.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-216/1
24.01.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев
_________________________

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 18 став 5 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/2020), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 24.01.2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## за верификација на членови на Локален младински совет на Општина Кочани

I.

Со оваа Одлука се врши верификација на членови на Локалниот младински совет на Општина Кочани, избрани од страна на делегатите на Локалното собрание на млади на Општина Кочани и тоа на:

1. Иван Донев член на Локален младински совет Кочани од Младинската Организација „Авангарда“ од СОУ „Гошо Викентиев“ од Кочани.
2. Лина Крстова член на Локален младински совет Кочани од Младинската Организација „Интеракт“ Кочани.
3. Гаврил Гацов член на Локален младински совет Кочани од Младинската Организација „Единство“ од СОУ „Љупчо Сантов“ Кочани.
4. Анабела Коцова член на Локален младински совет Кочани од Унија на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ ОК Кочани- Политички подмладок.
5. Јован Севдински член на Локален младински совет Кочани од боречки клуб „Спартак“ – Кочани.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-218/1
24.01.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 24.01.2025 година, донесе

**О д л у к а**

за кофинансирање при имплементација на Проект за Реконструкција на дел од ул.„Бел камен“ во општина Кочани

Член 1

Во согласност со Договорот за заем склучен помеѓу Министерство за финансии на Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска Банка за Проектот за поврзување на локални патишта број 9034МК и 9210МК и согласно Одлука за измена и дополнување на Одлуката за алоцирање на средствата од Договорот за Заем за проектот за поврзување на локални патишта бр. 44-1193/1 од 02.04.2020 година („Службен Весник“ на Република Северна Македонија бр.33/20) за алоцирање на средства за Општина Кочани обезбеди 964.533,25 евра, од кои Единицата за имплементација на проекти финансирани од Светска банка при Министерство за транспорт ќе објави тендерска постапка за избор на Изведувач за имплементација на проектот „Реконструкција на дел од ул.Бел камен“ во општина Кочани. Со цел целосна реализација на проектот, Општина Кочани дава согласност за кофинансирање на проектот за изведба, односно Општина Кочани ќе ги преземе сите трошоци за реализација на проектот кои ги надминуваат алоцираните средства од одлуката донесена од страна на Владата.

Член 2

Согласно предмер-пресметката проценета вредност на проектот ги надминува алоцираните средства за општината во износ од 688.520 денари.

Член 3

Советот на Општина Кочани дава согласност за кофинансирање на средства во износ од 688.520 денари вклучувајќи и 10% за дополнителни, непредвидени и вишок на работи доколу се појават во текот на реализација на договорот за имплементација на Проектот Реконструкција на дел од ул.„Бел камен“, во општина Кочани.

Општината потврдува дека средствата ќе бидат предвидени во Буџетот на Општината за 2025 година.

Член 4

Одлуката за сопствено учество - кофинансирање на реконструкција на дел од ул.„Бел Камен“ („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.15/2024), престанува да важи.

Член 5

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-219/1
24.01.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на членот 143, став 1 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија", бр. **36/2004; 49/2004; 86/2008; 85/2009; 114/2009; 124/2010; 18/2011; 93/2012; 41/2014; 129/2015; 71/2016; 106/2016, 83/2018** и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21), Методологија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.181/2021) и Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/2005, 152/2010, 90/2015 и 194/2019), Советот на Општина Кочани на седницата одржана 24.01.2025 година, донесе

ОДЛУКА

за усвојување Збирен извештај – Елаборат за процена на штета од природна непогода: поплава на 25.06.2023 година, што го зафати подрачјето на Општина Кочани

Член 1

Се усвојува Збирниот извештај – Елаборат за процена на штета од природна непогода: поплава на 25.06.2023 година, што го зафати подрачјето на Општина Кочани, Бр.03-110/2 од 21.01.2025 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-220/1
24.01.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на членот 143, став 1 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија", бр. **36/2004; 49/2004; 86/2008; 85/2009; 114/2009; 124/2010; 18/2011; 93/2012; 41/2014; 129/2015; 71/2016; 106/2016, 83/2018** и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21), Методологија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.181/2021) и Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи („Службен весник на Република Македонија" бр.98/2005, 152/2010, 90/2015 и 194/2019), Советот на Општина Кочани на седницата одржана 24.01.2025 година, донесе

ОДЛУКА

за усвојување Збирен извештај – Елаборат за процена на штета од природна непогода: град на 23.07.2023 година, што го зафати подрачјето на Општина Кочани

Член 1

Се усвојува Збирниот извештај – Елаборат за процена на штета од природна непогода: град на 23.07.2023 година, што го зафати подрачјето на Општина Кочани, Бр.03-110/3 од 21.01.2025 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-221/1
24.01.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на член 10 став 4 и член 12 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Макеонија„ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 174/21), член 2, став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија„ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/2024), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 24.01.2025 година, донесе

## О Д Л У К А

за проширување на плански опфат во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградени објекти на КП бр. 1356 и КП бр. 1357 КО Пантелеј, КП бр. 4545 КО Полаки, КП бр. 842 и КП бр. 3235 КО Бели и КП бр. 37/2 КО Лешки, кои се изградени надвор од плански опфат

### Член 1

Се утврдува проширување на плански опфат во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградените објекти на КП бр. 1356 и КП бр. 1357 КО Пантелеј, КП бр. 4545 КО Полаки, КП бр. 842 и КП бр. 3235 КО Бели и КП бр. 37/2 КО Лешки, кои се изградени надвор од плански опфат.

### Член 2

1. Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација да се изврши проширување на плански опфат за бесправно изграден објект изграден надвор од плански опфат заради вклопување на бесправно изграден обејкт со намена индивидуална станбена зграда (А1-1), означен како зграда 1, изграден на КП бр. 1356 КО Пантелеј запишан во Имотен лист бр. 50 за КО Пантелеј и КП бр. 1357 КО Пантелеј запишан во Имотен лист бр. 247 за КО Пантелеј.

2. Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација да се изврши проширување на плански опфат за бесправно изграден обејкт со намена индивидуална станбена зграда (А1), означен како зграда 1, изграден на КП бр. 4545 КО Полаки запишан во Имотен лист бр. 161 за КО Полаки.

3. Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација да се изврши проширување на плански опфат за бесправно изграден објект со намена индивидуална станбена зграда (А1-1), означен како зграда 1, изграден на КП бр. 842 КО Бели запишан во Имотен лист бр. 603 за КО Бели и КП бр. 3235 КО Бели запишан во Имотен лист бр. 168 за КО Бели, бесправно изграден обејкт со намена шупа (А5-3), означена како зграда 2, изграден на КП бр. 842 КО Бели запишан во Имотен лист бр. 603 за КО Бели и бесправно изграден објект со намена шупа (А5-3), означен како зграда 3, изграден на КП бр. 842 КО Бели запишан во Имотен лист бр. 603 за КО Бели и КП бр. 3235 КО Бели запишан во Имотен лист бр. 168 за КО Бели.

4. Согласно член 1 од оваа одлука во идната урбанистичко-планска документација да се изврши проширување на плански опфат за бесправно изграден објект со намена викенд куќа (А4-3), означен како зграда 1, изграден на КП бр. 37/2 КО Лешки запишан во Имотен лист бр. 176 за КО Лешки и бесправно изграден обејкт со намена помошен објект (А5-3), означена како зграда 2, изграден на КП бр. 37/2 КО Лешки запишан во Имотен лист бр. 176 за КО Лешки.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-222/1
24.01.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 27 став 4 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20, 111/23 и 171/24), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 24.01.2025 година, донесе

О Д Л У К А

за утврдување на Детален урбанистички план за градска четврт 17,Општина Кочани

Член 1

Со оваа одлука се донесува Нацрт верзија на Детален урбанистички план за градска четврт 17, Општина Кочани, плански период 2017-2027г.,

со Тех.бр.0801-108/17 од Јануари 2025г., изработен од ДТУ Билд Урбан ДООЕЛ Скопје.

Член 2

Границата на планскиот опфат е дадена во графичкиот прилог и претставена описно:

Од север: По осовина на ул. „Тодосија Паунов“;

Од исток: По западна граница на КП 1961/7, КП 1961/5, КП 1961/6, КП 1921 и КП 1918;

Од југ: По осовина на ул „Новопланирана 5„ и продолжува по осовина на индустриски колосек;

Од запад: По осовина на ул. „Тодосија Паунов“.

Површината на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува 46,43 ха.

Член 3

Со планот се утврдени следните класи на намени:

Б - комерцијални и деловни намени,

Г - Рударство, енергетика, индустрија,

Д - Зеленило, рекреација и меморијални простори,

Е - Инфраструктура.

Член 4

За продолжување на постапката за предметниот ДУП во системот е-урбанизам потребно е утврдување и одобрување на нацрт верзија од Советот на општината.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објавена во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-223/1
24.01.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 24.01.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување на плановите за запишување ученици во прва година во општинските средни училишта: „Љупчо Сантов“ и „Гошо Викентиев“ во учебната 2025-2026 година

I.

Се усвојуваат плановите за запишување ученици во прва година во општинските средни училишта: „Љупчо Сантов“ и „Гошо Викентиев“ во учебната 2025/2026 година.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-208/1
24.01.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев
__________________________

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024) и согласно членот 7 став 1 од Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта бр. 19-2250/1 од 05.03.2013 и бр.07-9992/2 од 05.06.2014 година, Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 24.01.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за давање позитивно мислење на Програма за екскурзии, излети и другите вонучилишни активности на учениците на ООУ „Раде Кратовче“ - Кочани за учебната 2024/2025 година

I.

Советот на Општина Кочани дава позитивно мислење на Програмата за екскурзии, излети и другите вонучилишни активности на учениците на ООУ „Раде Кратовче“ - Кочани за учебната 2024/2025 година.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-209/1
24.01.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев
__________________________

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 24.01.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување на Извештајот за извршен попис на Општина Кочани за 2024 година

I.

Се усвојува Извештајот за извршен попис на Општина Кочани за 2024 година.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-210/1
24.01.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/20022002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024) , Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 24.01.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за прифаќање на Информацијата за чистењето на одводните канали и речните корита на подрачјето на општина Кочани во 2024 година

I

Се прифаќа Информацијата за чистењето на одводните канали и речните корита на подрачјето на општина Кочани во 2024 година.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-212/1
24.01.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/20022002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024) , Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 24.01.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за прифаќање на Планот за чистење на каналите и речните корита на подрачјето на општина Кочани за 2025 година

I.

Се прифаќа Планот за чистење на каналите и речните корита на подрачјето на општина Кочани за 2025 година.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-213/1
24.01.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/20022002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024) , Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 24.01.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Информацијата за пошумувањето и заштита од ерозија на подрачјето на општина Кочани

I.

Се прифаќа Информацијата за пошумувањето и заштитата од ерозија на подрачјето на општина Кочани.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-214/1
24.01.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 24.01.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување Извештај за реализација на Програмата за изградба и одржување на општинските патишта и улици во општина Кочани за 2024 година

I.

Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изградба и одржување на општинските патишта и улици во општина Кочани за 2024 година.

II.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-215/1
24.01.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на членот 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 24.01.2025 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Кочани за период IV- квартал 2024 година

I

Се усвојува Извештајот за извршување на Буџетот на општина Кочани за период IV- квартал 2024 година.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-217/1
24.01.2025 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

# С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за расходување и бришење од понатамошна евиденција на постојани средства и ситен инвентар на Општина Кочани, Бр.09-211/1 Стр.3
2. Одлука за резервирани средства за експропријација согласно Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Кочани за период од 01.01. - 31.12.2025 година, Бр.09-216/1 Стр.6
3. Одлука за верификација на членови на Локален младински совет на Општина Кочани, Бр.09-218/1 Стр.9
4. Одлука за кофинансирање при имплементација на Проект за Реконструкција на дел од ул.Бел камен во Општина Кочани, Бр.09-219/1 Стр.10
5. Одлука за усвојување Збирен извештај – Елаборат за процена на штета од природна непогода: поплава на 25.06.2023 година, што го зафати подрачјето на Општина Кочани, Бр.09-220/1 Стр.11
6. Одлука за усвојување Збирен извештај – Елаборат за процена на штета од природна непогода: град на 23.07.2023 година, што го зафати подрачјето на Општина Кочани, Бр.09-221/1 Стр.11
7. Одлука за проширување на плански опфат во идната урбанистичко-планска документација за бесправно изградени објекти на КП бр. 1356 и КП бр. 1357 КО Пантелеј, КП бр. 4545 КО Полаки, КП бр. 842 и КП бр. 3235 КО Бели и КП бр. 37/2 КО Лешки, кои се изградени надвор од плански опфат, Бр.09-222/1 Стр.12
8. Одлука за утврдување на Детален урбанистички план за градска четврт 17, Општина Кочани, Бр.09-223/1 Стр.13
9. Заклучок за усвојување на плановите за запишување ученици во прва година во општинските средни училишта: „Љупчо Сантов“ и „Гошо Викентиев“ во учебната 2025-2026 година, Бр.09-208/1 Стр.14
10. Заклучок за давање позитивно мислење на Програма за екскурзии, излети и другите вонучилишни активности на учениците на ООУ „Раде Кратовче“ - Кочани за учебната 2024/2025 година, Бр.09-209/1 Стр.14
11. Заклучок за усвојување на Извештајот за извршен попис на Општина Кочани за 2024 година, Бр.09-210/1 Стр.15
12. Заклучок за прифаќање на Информацијата за чистењето на одводните канали и речните корита на подрачјето на општина Кочани во 2024 година, Бр.09-212/1 Стр.15

13. Заклучок за прифаќање на Планот за чистење на каналите и речните корита на подрачјето на општина Кочани за 2025 година, Бр.09-213/1
Стр.15

14. Заклучок за прифаќање на Информацијата за пошумувањето и заштита од ерозија на подрачјето на општина Кочани, Бр.09-214/1
Стр.16

15. Заклучок за усвојување Извештај за реализација на Програмата за изградба и одржување на општинските патишта и улици во општина Кочани за 2024 година, Бр.09-215/1
Стр.16

16. Заклучок за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Кочани за период IV- квартал 2024 година Бр.09-217/1
Стр.17